Образец бр. 2

## Иницијална проценка на влијание на регулативата

### Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

1. **Опис на проблемите**

- недостатоци при примената на одредбите кои се однесуваат на издавање на нова и продолжување на лиценцата за продажба на алкохолни пијалоци. Имено, во пракса има појава на свесно пробивање на рокот на важност на лиценцата од страна на одделни трговци кои имаат над три продажни објекти со цел да уплатат помал надоместок за лиценцата. Ова од причина што надоместокот за добивање на нова лиценца за оваа група на корисници е помал од надоместокот за продолжување на истата.
- недостатоци при примената на одредбите кои се однесуваат за едукација и оценката за нивно надминување. Станува збор за изземање на одредени прекршоци од постапката за едукација и нивно префрлање во прекршоци, за кои е предвидено директно санкционирање т.е. изрекување парична казна на лице место.
- недостатоци кои се однесуваат на појавата на повторување на повеќе пати на еден ист прекршок за кој е спроведена едукација, што значи намерно одолговлекување на отстранувањето на недостатоците, без да има можност за примена на директно санкционирање за направените неправилности.
- недостатоци при примената на одредбите кои се однесуваат на забрана за продажба на алкохолни пијалоци и енергетски пијалоци и цигари на лица со возраст под 18 години, односно постапување на трговците на мало при утврдување на возраста на лицата, со цел да се спречи продажбата односно купување на овие производи од страна на малолетните лица.

2. **Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите**

- Да се утврди висината на надоместокот за добивање на нова лиценца по истекот на рокот на важење на претходно издадена лиценца;
- Да се обезбеди правен основ за донесување на упатство за постапување на трговците на мало при продажба на алкохолни и енергетски пијалаци и цигари;
- Да се заштити здравјето и животот на малолетните лица, со возраст под 18 години;
- Да се обезбеди доследно спроведување на ограничувањата пропишани во членот 24 од Законот, за продажба или купување на алкохолни и енергетски пијалаци и цигари на лица со возраст под 18 години;

- Навремено пријавување на исполнување на условите за вршење на дејноста;
- Да се заштити јавниот интерес и заштита на правата на мир и спокојство на станарите во колективни стамбени згради и деловно стамбени згради;
- Да се спречи манипулацијата во постапката за надзор и олесни процесот на вршење на истиот.

3. **Идентификација на можни решенија (опции)**

<u>I решение (опција)</u>
Да се задржи постојното решение во Законот за трговија кое предвидува:
- различен надомест за добивање на нова и продолжување на лиценцата за продажба на алкохолни пијалоци, како обврска за трговецот да поседува лиценца. За добивање на нова лиценца трговецот е должен да плати надоместок од 20.000 денари, додека за продолжување на лиценцата трговецот е должен да плати 5.000 денари за секој продажен објект ако има до три продажни објекти и 15.000 денари за секој продажен објект, ако има над три продажни објекти и 0,05% од вкупниот промет остварен во претходната година.
- нема разлика за добивање на нова лиценца по истекот на рокот на важење на истата, односно идентичен надоместок како за добивање на нова лиценца.
- од аспект одолговлекување на постапката по сторени одредени прекшоци од членот 55 на Законот, државниот пазарен инспектор, односно овластениот инспектор е должен да понуди постапка за едукацијата, како законска обврска пред да биде изречена соодветна прекршочна мерка т.е. глоба за сите неправилности утврдени во членот 55.
- од аспект на примената на едукација за прекршоците, спроведување на едукација и за прекршоците кои не се направени за прв пат.
за прекршоците кои се повторуваат предвидена е спроведување на едукација.
-од аспект нецелосно спроведување на одредбите од законот, во делот на продажбата на алкохолни и енергетски пијалоци и цигари на лица со возраст под 18 години, непостоење на можност за определување на возраста на лицата од страна на трговецот на мало, на кои се врши продажба на алкохолни и енергетски пијалоци и цигари.

<u>II решение (опција)</u>
Да се подготви Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија и тоа во следнава насока:
Со <u>*членот 1*</u> од овој закон се дополнува членот 23-а, со нов став 10 со кој се утврдува надоместокот за добивање на нова лиценца за продажба на алкохолни пијалаци по истекот на рокот на важење на претходно издадена лиценца.

Со *членот 2* се врши дополнување на членот 23-б, со цел да се прецизира дека трговецот на мало кон барањето за добивање на лиценца по истекот на рокот на важење на истата, треба да поднесе доказ за уплатениот надоместок утврден во членот 23-а од овој закон.

Со *членот 3* од овој закон се дополнува членот 24, со нов став 4, со кој се предвидува дека начинот на утврдување на возраста на лицата од ставот 1 на член 24 ќе се пропише од страна на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на трговијата.
Со одредбите од ставот 4, се создава правен основ за донесување на пропис од страна на министерот за економија за начинот на утврдување на возраста на лицата, односно постапувањето на трговците на мало при продажба на алкохолни и енергетски пијалоци и цигари.

Со *членот 4* од овој закон се дополнува членот 49 ставот 1 со тоа што по зборовите "членот 55" се додаваат зборовите: "став 1 алинеја 1, 2, 3, 5, 6 и 8", со што се прецизираат прекршоците од членот 55 за кои може да се спроведе постапка за едукација. Ова значи дека за прекршоците пропишани во алинеите 4, 7 и 9 нема да се спроведе постапка за едукација и истите ќе подлежат на директно санкционирање, без претходно водење постапка за едукација. Станува збор за следниве прекршоци:

1) не го пријавил исполнувањето на условите и започнувањето со работа на продажниот и деловниот објект;
2) започнал со работа во колективна стамбена зграда и деловно стамбена зграда пред 6,00 часот и не завршил пред 24,00 часот; и
3) евиденцијата не се наоѓа во соодветната деловна просторија во која се врши трговијата и во секое време не биде достапна на надлежните инспекциски органи.

Со овој член, исто така се предлага дополнување на членот 49, со што се пропишува дека едукацијата ќе се однесува само за прекршоците кои се направени за прв пат. Прекршоците кои се повторуваат нема да подлежат на едукација, за истите ќе се применува директно санкционирање.

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**
Со донесување на Законот се предизвикуваат дополнителни трошоци за физичките и правни лица, бидејќи со предлог законот се заострува критериумот за санкционирање т.е. изрекувањето глоба на лице место, во случај на констатирани одредени прекршоци од страна на надлежните инспекциски органи, за кои прекршоци во моментов е предвидена постапка за едукација без изрекување парична казна.

Придобивки и влијанија од предложениот закон се:
- Да се утврди висината на надоместокот за добивање на нова лиценца по истекот на рокот на важење на претходно издадена лиценца;

- Да се обезбеди правен основ за донесување на упатство за постапување на трговците на мало при продажба на алкохолни и енергетски пијалаци и цигари;
- Да се заштити здравјето и животот на малолетните лица, со возраст под 18 години;
- Да се обезбеди доследно спроведување на ограничувањата пропишани во членот 24 од Законот, за продажба или купување на алкохолни и енергетски пијалаци и цигари на лица со возраст под 18 години;
- Навремено пријавување на исполнување на условите за вршење на дејноста;
- Да се заштити јавниот интерес и заштита на правата на мир и спокојство на станарите во колективни стамбени згради и деловно стамбени згради;
- Да се спречи манипулацијата во постапката за надзор и олесни процесот на вршење на истиот.

1. **Трошоци**

- Дали опцијата предвидува воведување нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.

НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.

НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците.

НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.

НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.
- ДА / <u>II опција</u> повлекува материјални обврски за трговците на мало кои вршат продажба на алкохолни пијалоци кои намерно го испуштиле рокот за продолжување на лиценцата, бидејќи за продолжување на лиценца, надоместокот за некои трговци на мало е повисок од износот за добивање на нова лиценца.

- НЕ / <u>I опција</u> не предизвикува оперативни трошоци за правните или физичките лица.

2. Придобивки

- опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни / НЕ
- други нефинансиски придобивки за засегнати страни:
  Подобрување на имплементацијата на одредбите за лиценцирање;
  Подобрување на заштитата на здравјето и животот на малолетните лица, со возраст под 18 години;

  Подобрување на постапката за надзор и олеснување на истата.

3. Ризици и претпоставки

4. Останати влијанија

| Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата | | Анализи приложени во прилог |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

Чекор 3: Консултации

Државен пазарен инспекторат, Секретаријат за законодавство, Министерство за финансии и  Министерство за правда.

## Резиме на иницијалната
## проценка на влијание на регулативата

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:**

II решение (опција):

Да се подготви Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за трговија и тоа во насока на подобрување на условите за вршење трговската дејност во Република Македонија, преку:

- утврдување на висината на надоместокот за добивање на нова лиценца по истекот на рокот на важење на претходно издадена лиценца, односно усогласување на надоместокот за добивање на нова лиценца по истекот на рокот на важност (лиценцата важи за период од две години), со надоместокот за продолжување на лиценцата;
- обезбедување на правен основ за донесување на упатство за постапување на трговците на мало при продажба на алкохолни и енергетски пијалаци и цигари, односно донесување на пропис со кој детално ќе се утврди начинот на постапување на трговците на мало при постапката за идентификација за утврдување на возраста на лицата при продажбата на алкохолни и енергетски пијалаци и цигари;
- спречување на манипулацијата во постапката за надзор со цел да се олесни процесот на вршење на истиот. Ова треба да се постигне со изземање на одредени прекршоци за кои е предвидена постапка за едукација и нивно директно санкционирање, како и да се обезбеди примена на едукација за прекршоците кои се направени за прв пат, односно да не се дозволи повторување на прекршоците за кои е спроведена едукација.

Укинувањето на постапката за едукација, за одредени прекршоци и нивно директно санкционирање е предвидено за следниве прекршоци:

1) не го пријавил исполнувањето на условите и започнувањето со работа на продажниот и деловниот објект;
2) започнал со работа во колективна стамбена зграда и деловно стамбена зграда пред 6,00 часот и не завршил пред 24,00 часот; и
3) евиденцијата не се наоѓа во соодветната деловна просторија во која се врши трговијата и во секое време не биде достапна на надлежните инспекциски органи.

2. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

Даринка Пановска, советник
Илир Шабани, раководител на Сектор
Билјана Д. Стојановска, државен советник

e- mail darinka.panovska@economy.gov.mk
ilir.sabani@economy.gov.mk
biljana.d.stojanovska@economy.gov.mk

3. Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:

Катерина Костеска, зам.министер за економија
тел. 3093-400
e-mail:katerina.kosteska@economy.gov.mk

Ваљон Сараќини, министер за економија
тел. 3093-408
e-mail:valon.saraqini@economy.gov.mk

## Изјава од министерот
## за иницијалната проценка на влијание на регулативата

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5. | Нема влијание | врз животната средина. |
| 6. | Нема | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| | влијание | |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br>Датум на објавување: 04/10/2012<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | ДА |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | НЕ |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото "молчењето значи одобрување"? | НЕ,<br>Бидејќи<br>вградено |

**Изјава од министерот**

**Јас, Ваљон Сараќини**, изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:

........................................................................................ Датум: ___/10/2012